Република Северна Македонија
Државно правобранителство на
Република Северна Македонија

Republika e Maqedonisë së Veriut
Avokatura Shtetërore e Republikës
së Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДП бр.02-255/19
25.04.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 9 став 1, (Сл. Весник на РМ бр. 87/07 и 104/15), согласно Одлука за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Македонија, министерствата и другите органи на државната управа бр. 44-3042/1 од 04 јули 2017 година (Сл весник на РМ бр.86/17), член 36 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), Член 70, 71, 72 став 1 точка 1 и точка 8, член 73 став 1 точка 10 од Законот за административни службеници (Сл весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) , член 116 од Законот за работни односи -пречистен текст (Сл весник на РМ бр.167/15, 27/16 и 120/18), член 26 од Општ колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија (Сл.весник на РМ бр.10/08 и 85/09) и член 24 од Колективен договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија (Сл весник на РМ бр.53/95, 11/98 и 28/09) и Правилник за начинот и водењето на електронската евиденција на работно време и на прекувремената работа (Сл весник на РМ бр.78/15), Државниот правобранител на Република Северна Македонија, ја донесе следната

## ОДЛУКА

1. Работното време во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, сметано од 01.05.2019 година, се утврдува со почеток на работното време помеѓу 7:30 и 8:30 часот, и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, а со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа.

Користењето на дневната пауза од 30 минути во текот на работното време ќе започнува од 11,00 часот, а ќе завршува во 11,30 часот.

**2.** Вработените се должни да го почитуваат работното време.

Во случај на спреченост за доаѓање на работа, вработените се должни да го известат одреденото лице од Државниот правобранител на Република Северна

Македонија согласно член 12 од Годишниот распоред за работа на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, за спреченоста за недоаѓање на работа во рок од три часа, а во исклучителни ситуации до истекот на дневното работно време.

По исклучок, кога спреченоста за доаѓање на работа е настаната од виша сила, известувањето за спреченоста за доаѓање на работа, вработените се должни да го достават веднаш по престанувањето на причината која го оневозможила известувањето.

Непочитувањето на работното време, распоредот и користењето на работното време претставува дисциплинска неуредност и ќе бидат изрекувани соодветни дисциплински мерки, а доколку се повтори дисциплинската неуредност повеќе од два пати во текот на една година, ќе се поведе дисциплинска постапка за дисциплински престап.

Се задолжуваат сите вработени да се евидентираат електронски во системот, при што да го почитуваат работното време од 8 часа, и да внимаваат на часот кога влегуваат и се евидентираат и на часот кога излегуваат и се евидентираат.

Доколку во текот на еден месец при влезот и излезот се констатираат помалку работни часови, ќе се изрече соодветна дисциплинска мерка, како и доколку не се почитува времето за користење на паузата.

**3.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**4.** Со донесување на оваа одлука престанува да важи Одлука ДП бр.03-424/17 од 31.08.2017 година на Државниот правобранител на Република Македонија

**Образложение**

Имајќи ја во предвид Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Македонија, министерствата и другите органи на државната управа бр. 44-3042/1 од 04 јули 2017 година донесена од Владата на

Република Македонија, утврдената досегашна состојба, произлезените потреби на вработените, воведување на ред и дисциплина во воспоставување на точна електронска евиденција за редовноста на вработените и мерките доколку истите не се почитуваат, Државниот правобранител на Република Северна Македонија ја донесе оваа одлука како во диспозитивот на истата.

**Изработил:**
Генерален секретар
Андријана Сливоска

**ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Фехми Стафа**

**Доставено до:**
-сите вработени
-предмет